РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА - ДУЊА
Бр. 03-274/2
25.09 2025 год.
СКОПЈЕ

ООУ„Невена Георгиева-Дуња“,Кисела Вода, Скопје

Врз основа на член 66 став 14 од Законот за основно образование ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 161/19, 229/20, 3/25, 74/25“, Правилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик -жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување од страна на Министерството за образование и наука донесен на 07.07.2025, Наставничкиот совет при ООУ „ Невена Георгиева-Дуња“, Кисела Вода, Скопје на својата седница одржана на ден 25.09.2025 година донесе :

# ПРАВИЛНИК

## за начинот за пријавување и заштита на ученик- жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

Член 1

Со овој правилник се уредува начин на постапување при случаи на насилство злоупотреба и занемарување на ученици во ООУ „ Невена Георгиева-Дуња“ како и механизмите за нивно навремено пријавување и соодветна заштита на секој ученик кој е засегнат.

Во согласност со законската регулатива и стручната практика, правилникот користи термини како „жртва“, „сторител“, „набљудувач“, „сведок“, „контакт лице“.

Со цел да се избегне стигматизација и да се задржи пристапот ориентиран кон поддршка, овие термини се користат во следнава смисла:

-„Жртва на насилство“ се однесува на ученик кој претрпел или бил изложен на орма на насилство. Во секојдневната комуникација препорачливо е да се користи терминот „ученик на кој му е направена неправда“, „ученик кој бил повреден“, „ученик кој се соочува со тешка ситуација“

-„Сторител е лице најчесто друг ученик кое пројавува насилно или несоодветно однесување. Во комуникцијата се препорачува треминот „ученик кој повредил друг ученик“, „ученик со проблематично однесување “.

-„Сведоци“ и „набљудувачи“ се лица кои присуствувале на инцидент на насилство, независно од тоа како реагирале. Пожелни се термини како „ученици кои биле присутни“,или „ученици кои го виделе настанот“

-„Контакт –лице за пријавување на насилство“ е лице именувано од училиштето задолжено за прием и обработка на пријави. Во секојдневната коминикација може да се користи и терминот „лице од доверба“.

Сите термни се користат во родово неутрална форма и подеднакво се однесуваат на сите ученици без оглед на пол, возраст, етничка припадност, јазик, вера, социјален статус, и други лични карактеристики.

Во контекст на овој правилник се утврдуваат и дефинираат следниве клучни поими:

- Насилство претставува секое дејствие или пропуст што предизвикува штета, страдање или повреда на достоинството на ученикот. Се разликуваат следниве форми на насилство:

-Физичко насилство: удирање, туркање, тепање, закани со предмети итн;

-Емоционално/психичко насилство: исмевање, навредување, потценување, закани, манипулација итн.

-Социјално насислтво: исклучување, игнорирање, организирано отфрлање, ширење трачеви итн.

-Сексуално насилство: допирање без дозвола, коментари со сексуална конотација, изложување, присилување на сексуални дејствија итн

-Кибер насилство: навредливи пораки, објави, дигитално вознемирување или изложување на ученик преку интернет итн.

-Злоупотреба значи користење на ученикот со цел или на начин што е штетен за неговото здравје, безбедност или развој, вклучувајќи сексуална злоупотреба експлоатација, манипулација или злоупотреба на моќ.

-Занемраување е неисполнување на обврските кон ученикот од страна на родителот/ старателот или друго лице што доведува до пропуштање на грижата за неговие основни потреби –физички, образовни, здравствени или емоционални .

Во случаи кога еден ученик може да биде изложен на дискриминација, насилство или исклучување врз основа на лични карактеристики , разноличност во изгледот, однесување, семејна состојба, или припадност ,училиштето ќе постапува со особено внимание, засилена чувствитлност, водејќи се од начелата на еднаквост, инклузивност и човечкото достоинство.

Член 2

Со овој правилник се уредуваат мерките и активностите што ги презема ООУ „ Невена Георгиева-Дуња“, Кисела Вода, Скопје во случаите на насилство над ученик и мерките за промена на однесувањето на сторителот.

Со овој правилник се уредуваат и мерките и активностите за превенција од насилство и соработката со другите институции при осмислувањето и спроведувањето на овие мерки.

Член 3

Секој вработен во училиштето, вклучително и административниот и помошно-техничкиот персонал, како и лицата задолжени за обезбедување на училиштето, е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик, без разлика дали насилството се случило во училиштето, на патот до училиштето или во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

Сите вработени, без исклучок, имаат обврска да бидат внимателни на можни знаци на насилство и да постапуваат согласно со својата улога во рамки на училиштето. Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството, редовно да следат дали во училиштето се случува насилство, дали некој ученик е жртва или извршител на насилство и навремено да реагираат.

Доколку забележат насилство, наставниците, стручните соработници и директорот се должни веднаш да го применат овој правилник, согласно пропишаната постапка.

Ако некој од вработените, вклучително и административен, технички персонал или обезбедување, се сомнева дека постои насилство, тој/таа е должен/должна веднаш да ја сподели информацијата со контакт-лицето односно со стручните соработници и со одделенскиот раководител, раководителот на паралелката или друг наставник кој е во директна комуникација со ученикот. Понатаму, се продолжува со набљудување на состојбата и/или преземање соодветни мерки за заштита на ученикот согласно правилникот.

Член 4

Директорот на училиштето е должен да определи контакт-лице за пријавување насилство и негов заменик од редот на стручните соработници (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор ), за кои проценува дека имаат најдобра комуникација со учениците, најдобри вештини и вредности за спречување и заштита од насилство и кои уживаат доверба кај учениците. Заменикот може да се назначи и од редот на наставниците.

Училиштето е должно да обезбеди секаков вид на комуникација меѓу учениците и контакт-лицето и неговиот заменик за пријавување насилство: телефон, писмена пријава, пријава по електронска пошта или која било друга апликација која вообичаено ја користат учениците. Училиштето е должно да обезбеди службен телефон и електронска адреса на контакт-лицето и неговиот заменик, кои се користат исклучиво за пријавување на насилство и комуникација поврзана со случаите на насилство.

Името и информациите за контакт на лицата од став 1 на овој член, се објавуваат во интерниот акт на училиштето од член 5 став 1 од овој правилник, на видливи места во училиштето и на интернет страницата на училиштето.

Член 5

Со овој правилник детално се уредува начинот на однесување во училиштето, мерките за заштита и превенција од насилство и одговорностите на вработените, учениците, родителите/старателите и сите други фактори во спречувањето и заштитата од насилство.

Во состав на овој правилник, како Прилог 1, е дадена табела со јасно определени улоги и одговорности на сите категории на вработени и засегнати страни во училиштето, вклучително и административниот и помошно-техничкиот персонал, како и лицата задолжени за обезбедување. Оваа табела треба да се ажурира во согласност со организациските и кадровските промени.

Училиштето е должно да одреди лице, од редот на стручните соработници, задолжено за спроведување на интерниот акт од ставот 1 на овој член, а неговото име и контакт-информации да ги вклучи во одредбите. Ова лице може да биде исто со контакт-точката за пријавување насилство.

Одделенскиот раководител/раководителот на паралелка е должен да го претстави интерниот акт и овој правилник на часот на одделенската заедница, веднаш по почетокот на учебната година, на начин приспособен за возраста на учениците.

Училиштето ќе го објави интерниот акт, правилник, на својата интернет страница.

Назначени одговорни лица од училиштето:

-Контакт лице за пријавување насилство-

Филип Методиев психолог

-Заменик контакт лице за пријавување насилство:

Калина Спироска педагог

-Лице задолжено за спроведување на интерниот акт: Калина Спироска

-Телефон за пријавување насилство за учениици- 072 707 077

-меил адреса за пријавување насилство: izvestajdunja@gmail.com

Член 6

Училиштето е должно да обезбеди можност за анонимно пријавување на насилство, преку:

1. Кутија за пријави, поставена на видно и пристапно место во училиштето, со соодветно обележување и информирање на учениците дека можат да ја користат за анонимно пријавување на насилство.

2. Онлајн формулар објавен на веб-страницата на училиштето, со опција за анонимна пријава на насилство.

Контакт-лицето за пријавување насилство е должно:

- Да ја отвора кутијата најмалку еднаш неделно, или веднаш по сознание дека е можна пријава во кутијата;

- Заедно со неговиот заменик да има редовен пристап до онлајн пријавите, и да ги проверува најмалку еднаш неделно;

- Да води евиденција за датумот на пристигнување на пријавата и преземените чекори, без да се наруши анонимноста на пријавителот.

Пријава за насилство може да биде доставена до кое било вработено лице во училиштето. Контакт-лицето не е единствениот начин за активирање на постапка. Вработениот кој добил информација за насилство (директно или преку пријава) е должен веднаш да го извести контакт-лицето за пријавување насилство.

Контакт-лицето, заедно со вработениот кој ја примил пријавата, ја проценува ситуацијата и заеднички одлучува за соодветни мерки за заштита согласно со овој правилник.

Член 7

По поднесување на пријава за насилство или сомнеж за насилство над ученик, училиштето е должно веднаш да започне постапка за утврдување на фактите и да ги вклучи сите засегнати страни:

- ученикот - жртва,

- ученикот - сторител,

- ученици - сведоци,

. други засегнати ученици или вработени,
- родители/старатели на засегнатите ученици.

Одговорност за водење на постапката ја има контакт-лицето за пријавување насилство, во соработка со стручната служба (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) и директорот. Овој тим ја координира комуникацијата со сите вклучени страни, ја води евиденцијата и иницира натамошни мерки.

По претходна проценка дека има потреба, училиштето може да вклучи и претставници од надворешни институции, како што се:

- Центар за социјална работа,

- здравствена установа,

- Министерство за внатрешни работи,

-јавно обвинителство,

- локална самоуправа,

- невладини организации или експерти со знаење во областа на насилството врз

деца.

-други служби за социјална и детска заштита

Проценката ја прави контакт-лицето заедно со стручната служба, а директорот го одобрува вклучувањето на надворешни субјекти.

Во случаи кога училиштето проценува дека вклучување на родителите/старателите или друга страна би можело да го загрози најдобриот интерес на детето - да доведе до виктимизација, директен ризик или зголемен ризик од ново насилство - родителите/старателите односно другата страна нема да бидат вклучени. За ваквата одлука училиштето е должно веднаш да го извести Центарот за социјална работа, а натамошните мерки ќе се преземат во координација со службите за социјална и детска заштита.

Сите постапки, комуникации и преземени мерки се евидентираат писмено (записници, службени белешки, формулари...) и се чуваат согласно прописите за заштита на лични податоци и заштита на децата.

Член 8

Училиштето ја почитува приватноста на ученикот при пријавување и заштита на ученик-жртва на насилство на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Училиштето е должно да обезбеди спроведување на разговорите со учениците во соодветни простории кои гарантираат дискретност и приватност, при преземањето на мерки за заштита на ученик-жртва и мерки за промена на однесувањето на учениците-сторители.

Дополнително, училиштето е должно да преземе мерки за заштита на идентитетот и достоинството на ученикот - без разлика дали се работи за ученик-жртва или ученик-сторител - при комуникација со медиуми и јавност.

Не е дозволено споделување лични податоци, слики, снимки или детали кои можат индиректно или директно да доведат до препознавање на ученикот.

Училиштето треба проактивно да информира вработени, родители/старатели и партнери за важноста на дискретноста и да ги насочи медиумите да се воздржат од известување кое може да нанесе дополнителна штета на засегнатите ученици.

Член 9

Сите информации поврзани со случајот на насилство, жртвата и сторителот, како и информациите на другите страни засегнати од насилството се доверливи.

Секој вработен во училиштето, или други стручни лица, кои имаат какви било информации за случајот на насилство, имаат обврска да ги чуваат и не смеат да ги споделуваат со лица кои не се вклучени во овозможувањето заштита и поддршка.

Училиштето е должно да му објасни на ученикот-жртва на разбирлив начин согласно со возраста, зрелоста и капацитетите на ученикот, што значи доверливоста и кои се другите лица со кои ќе биде споделена информацијата, нивната улога и обврски во понатамошните постапки, мерки и активности.

Вработениот на кој ученикот-жртва му се доверува за насилството не смее да споделува информациите, освен во случаите само доколку процени дека информациите за случајот на насилство треба или има обврска да ги сподели со други лица, надлежни за овозможување заштита и поддршка на ученикот.

Член 10

Во постапката за заштита на ученик-жртва на насилство училиштето презема соодветни мерки на обезбедување во насока дека ученикот нема да стекне впечаток дека со пријавување на насилството создава проблеми во училиштето.

При давањето заштита и поддршка на ученикот-жртва на насилство, училиштето ги уважува и им дава легитимитет на личните доживувања на жртвата, без да се повикува на факти кои изгледаат како очигледни.

Активностите и мерките за заштита на ученикот-жртва на насилство не смеат да резултираат со виктимизација, исклучување или изолирање, непосреден ризик или зголемен ризик на кој било вид насилство за жртвата.

Доколку сторителот е ученик, училиштето ќе донесе одлуки поврзани со мерките и активностите кон сторителот засновани врз разбирање и информираност за условите, карактеристиките и контекстот во кој живее ученикот сторител.

Доколку постои сомнеж дека ученикот е изложен на злоупотреба или занемарување од страна на родител, старател или друго лице, училиштето постапува со засилена внимателност и доверливост, при што се активираат истите принципи на заштита како и во случаи на насилство. Во вакви ситуации, училиштето соработува со надлежни институции согласно важечката законска регулатива.

Член 11

Училиштето е должно да преземе мерки на заштита и поддршка за секое дете, особено во случаи на насилство кое е извршено врз основа на лични карактеристики, различност или припадност, кои можат да го изложат ученикот на поголем ризик од дискриминација, исклучување или стигматизација.

Овие мерки особено се однесуваат на ученици кои може да се соочат со насилство поради нивниот изглед, израз, верување, семејни околности или било која друга причина поради која ученикот се перципира како „различен“ од останатите.

При евалуација на ризиците и определување мерки за заштита, училиштето е должно да го земе предвид контекстот на насилството, можните мотиви и специфичните потреби на ученикот, водејќи се од принципите на почитување на различностите, еднаквост и инклузивност.

Член 12

Училиштето презема пропорционални мерки и активности во врска со превенцијата и заштитата од насилство

Пропорционалност означува дека мерките на заштита и поддршка кон ученикот-жртва на насилство ќе бидат целисходни и сразмерни на последиците од насилството.

Пропорционалноста означува дека мерките кои се преземаат кон ученикот сторител ќе бидат целисходни и сразмерни со сериозноста на насилството и последиците кон жртвата.

Мерките кон ученикот сторител имаат за цел превенција од повторување на насилството и ресоцијализирање преку психо-социјална поддршка, едукација и влијание врз факторите што придонеле за насилното однесување. Педагошките мерки се спроведуваат исклучиво во согласност со Законот за основното образование и се изрекуваат паралелно со мерките набројани во член 16 од овој правилник.

Член 13

При спроведување на мерките и активностите за спречување и заштита од насилство ниту еден вработен во училиштето не смее да дејствува и/или да се воздржи од дејствување, под влијание на примена корист од каков било вид или ветување за примање на корист.

Доколку вработен во училиштето кој одлучува за и спроведува мерки и активности за заштита од насилство, има судир на интереси, должен е да го изјави тоа и да се изземе од тимот. Под судир на интереси се подразбира состојба во која вработеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите должности за превенција и заштита од насилство.

При спроведувањето на мерките и активностите за спречување и заштита од насилство се почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интересите и секој вработен во училиштето е должен да ги пријави сознанијата за прекршувањето на Законот за спречување на корупцијатата и судирот на интересите.

Член 14

Во случаите на насилство над ученик вработените во училиштето се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството. Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (како на пример, тепачка во која учествуваат поголем број ученици, физичко насилство во кое учениците употребуваат нож или друго оружје), а вработените проценуваат дека не можат сами да го сопрат, должни се веднаш да повикаат полиција.

сторител на насилството е возрасен, без разлика дали станува збор за друг вработен во училиштето, трето лице или родител/старател, директорот има обврска да повика полиција и/или центар за социјална работа. Доколку сторителот е вработен во училиштето, директорот е должен да постапи согласно Законот за основното образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Доколку сторител на насилството е самиот директор, контакт-лицето за пријавување насилство треба да ги извести надлежните органи (Министерството з авнатрешни работи, Центарот за социјална работа, здравствена установа).

Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијалниот сторител, вработените се должни да го информираат контакт-лицето за пријавување насилство, по што контакт-лицето разговара со ученикот и/или со други лица кои бիможеле да имаат сознанија.

Наставниците и стручните соработници разговараат и сородителите/старателите, освен во случаите кога разговорот со родителот/старателотне е во најдобар интерес на детето, на пример, кога постои сомнеж декародителот/старателот е сторител или на друг начин одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот/старателот би можело да предизвика насилство врзученикот. Во овие случаи се повикува Центарот за социјални работи.

Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, а вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениот кој тоа го забележал го известува контакт-лицето за пријавување насилство, кое во соработка со останатите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот или со други лица со цел да добијат попрецизни информации. Овие случаиучилиштето е должно да ги пријави во Центарот за социјални работи.

Член 15

Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува првпат како наведените во Табела бр. 1, која е дадена во Прилог бр2 е составен дел на овој правилник, вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт-лицето за пријавување насилство, туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт-лицето.

Кога станува збор за инцидент на насилство од Табела бр.1, кој се повторува, или за насилство од Табелата бр. 2 и Табелата бр. 3, кои се дадени во Прилог бр 2и се составен дел на овој правилник, вработениот е должен да го повика контакт-лицето за пријавување насилство.

Контакт-лицето за пријавување насилство проценува, во зависност од околностите на случајот и сериозноста на насилството, дали ќе повика и вклучи други вработени во училиштето, како одредени наставници, стручни соработници и/или директорот. При ситуации што не вклучуваат елементи на сериозно насилство контакт-лицето може самостојно или во координација со стручната

служба да преземе интерни чекори. Доколку околностите укажуваат на потенцијална загрозеност, повторливост или сериозни психофизички последици, може да одлучи да повика и претставници од надворешни институции, како Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјална работа, здравствена установа или друго лице со соодветна експертиза и надлежност за интервенција.

Кога станува збор за случаи на насилство од Табела бр. 3, што претставуваат сериозни форми на насилство со можни физички, психолошки или правни последици, задолжително се повикуваат претставници од надлежни институции (Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, здравствена установа и други, според проценката на контакт-лицето или директорот). Контакт-лицето има обврска веднаш да го информира директорот за преземените чекори, освен кога поради итност мора веднаш да се повика полиција. Во овие случаи, училиштето постапува според утврдена процедура за заштита на детето, со цел навремена и соодветна интервенција од релевантните институции.

Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт-лицето и вработените во училиштето да ги направат разговорите со учениците, наместо претставниците од другите институции кои за учениците се непознати и многу е веројатно да предизвикаат страв или вознемиреност кај учениците, особено од униформиран полициски службеник. Сепак, доколку станува збор за насилство од Табела 3, особено насилство кое претставува кривично дело, прво ќе постапат претставниците од Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјални работи и здравствена установа, а потоа вработените ќе разговараат со учениците и ќе преземаат дополнителни заштитни мерки. Разговорите можат да се направат и наредниот ден или во првиот момент кога ќе сесоздадат услови.

Вклучувањето на претставници од други институции и преземањето на мерки во која било фаза од страна на други институции во никој случај не значи дека училиштето престанува да презема мерки и активности за смирување на состојбата, превенција од повторување на насилството и заштита на жртвата. Во овие случаи, контакт-лицето за пријавување насилство интензивно соработува со претставниците од другите институции, заеднички се договараат и координираат за можните мерки, ги усогласуваат мерките, меѓусебно се известуваат за ефектот од мерките, потребата од нивна измена, интензивирање и прекинување. Доколку се појави ситуација во којаучилиштето проценува дека мерките кои ги преземаат другите институции не се соодветни, не се во најдобар интерес на детето, или пак претставниците од другите институции одбиваат соработка, не доаѓаат и не преземаат мерки, тогаш е должно да го извести надлежното министерство, надредени лица во министерствата или надлежните инспекторати. Доколку повторно нема никакво постапување од странана институциите се известува Народниот правобранител.

Во оваа фаза клучна цел е да се добијат информации за причините и факторите кои довеле до насилството, да се утврди што е можно попрецизно кој се бил вмешан во него, колку време траело, дали се повторувало, кои се личните карактеристики на жртвата и на сторителот, кои се желбите и потребите на жртвата, да се процени можниот ефект и последици врз психо-физичкото здравје и развојот на ученикот жртва, какви се односите и врските со родителите/старателите, дали е потребно и соодветно да се информираат и да се вклучат во донесувањето на одлуки за мерките кон ученикот жртва и кон сторителот.

Овие мерки вклучуваат разговори со сите ученици вмешани во насилството, ученикот жртва, ученикот сторител и учениците набљудувачи. Разговорите со жртвата и со сторителот мора да се прават одвоено, во посебни простории и без присуство на други ученици. Приватни разговори се препорачливи и со набљудувачите, бидејќи поради динамиката на групата, страв од исклучување или осудување, наблудувачите можат да се воздржат од давање на точни информации.

Разговорите ги врши контакт-лицето или друг вработен на кој жртвата му се доверила, или ученикот сам побарал да разговара со тоа лице. Контакт-лицето може да одлучи да вклучи и други вработени, наставници или стручни соработници во разговорите, согласно условите во кои се случил настанот. Но треба да се има предвид дека разговорите во повеќето случаи ќе бидат поуспешни доколку во нив учествуваат што е можно помал број на лица, доколку се случуваат приватно и се гарантира доверливоста. Од учениците, а особено жртвата, не смее да се бара да го прераскажуваат случајот повеќепати, пред различни лица, или повеќепати да им се поставуваат истите прашања во знак на недоверба кон веќе дадениот одговор или како обид „да се фатат во лага“.

Кога станува збор за случаи на насилство од Табелата бр. 1 од Прилог 2 од овој правилник кои се повторуваат, или случаи на насилство од Табелата бр. 2 и Табелата бр. 3 од Прилог 2 од овој правилник, контакт-лицето или друго вработено лице кое разговарало со учениците, доследно, без претерување, парафразирање или изведување на сопствени заклучоци, ќе ги запише изјавите на сите ученици веднаш по завршувањето на разговорите.

Член 16

По добивање информации од разговорите со сите вклучени страни и сведоци на насилството, директорот на училиштето, во соработка со стручните соработници, е одговорен за донесување одлука дали и кои мерки за заштита ќе се спроведат.

Во случаите од Табела бр. 1 од Прилог 2 на Правилникот - односно, кога се работи за еднократни и помали инциденти - наставникот, стручниот соработник или директорот кој го прекинал насилството може самостојно да одлучи кои интерни мерки ќе ги преземе, во рамки на своите надлежности. Овие мерки можат давклучуваат:

- физичко одвојување на сторителот од жртвата (промена на место на седење, простор),

- индивидуален разговор со жртвата за проценка на потребата од психо-социјална поддршка,

-индивидуален разговор со сторителот и укажување на последиците од неговото однесување,

-разговор со паралелката или група ученици за објаснување на несоодветностана насилното однесување, упатување на сторителот или жртвата на советување кај стручните соработници,

- поттикнување на учениците на ненасилна комуникација и медијација на конфликти.

Во случаите од Табела бр. 1 од Прилог 2 од овој правилник, кои се повторуваат, како и во сите случаи од Табела бр. 2 од Прилог 2 од овој правилник, училиштето е должно да изработи писмен план за заштита на жртвата и план за промена наоднесувањето на сторителот.

Контакт-лицето за пријавување насилство е одговорно за изработка на планот, и по сопствена проценка одлучува дали ќе вклучи и други лица (наставници, стручни соработници, директор, претставници од институции, експерти од областа, здруженија итн.).

Во случаи од Табела бр. 3 од Прилог 2 од овој правилник, училиштето задолжително изработува писмен план, во кој:

-се вклучува претставник од Центарот за социјална работа,

- се вклучува претставник од Министерството за внатрешни работи (доколку се работи за кривично дело),

-се вклучуваат претставници од здравствени институции (доколку има сериозни последици врз физичкото или менталното здравје на ученикот).

Контакт-лицето е одговорно за координација на изработката на планот, водење записници и документирање на преземените активности, во соработка со сите вклучени страни.

Директорот е одговорен за верификација на планот, следење на неговото спроведување и преземање дополнителни мерки доколку е потребно.

План за заштита се изработува и во ситуации кога постои сомнеж или утврдено постоење на злоупотреба или занемарување на ученикот, при што училиштето е должно да постапи со зголемена внимателност и соработка со надлежните институции. Во такви случаи, планот содржи мерки за обезбедување безбедна средина за ученикот, психо-социјална поддршка, како и евентуално вклучување на Центарот за социјална работа или други стручни служби, согласно природата на случајот.

Член 17

Планот за заштита на ученикот-жртва и промена на однесувањето на сторителот, предвиден во член 16 ставовите 3, 5 и 7 од овој правилник, може да вклучува повеќе типови мерки, чие спроведување е во надлежност на различни субјекти во училиштето, како што следува:

1. Психо-социјална поддршка на жртвата:

- ја спроведува училишниот психолог и/или друг стручен соработник.

- трае додека не се постигнат резултати и според проценка на вклучените стручни лица.

- доколку жртвата добива поддршка надвор од училиштето, училишниот психолог е одговорен за координација со надворешното стручно лице.

- доколку училиштето нема капацитети, контакт-лицето за пријавување насилство посредува со здравствени установи или советувалишта.

**2.Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот:**

- одлуката за овие мерки ја носи директорот по предлог од контакт-лицето и стручниот тим.
- може да вклучуваат: преместување на сторителот, забрана за приближување, ограничување на заеднички активности.
- за случаите од Габела бр. 3 од Прилог 2, овие мерки се задолжителни.

**3.Мерки за физичко одделување на жртвата:**

- се применуваат само по барање на жртвата и по проценка на стручните соработници дека се во нејзин најдобар интерес.
- вклучуваат: ослободување од настава, учење од дома, преместување во друга паралелка.
- одговорност за проценка и реализација има стручната служба, во координација со директорот.

**4.Мерки за промена на однесувањето на сторителот (доколку е ученик):**

- Се спроведуваат од училишниот психолог или друг стручен соработник.
- Контакт-лицето за пријавување насилство е одговорно за следење на напредокот.
- Може да се вклучат и родителите/старателите и да бидат упатени на советување.
- Се води писмена евиденција за активностите.
- По проценка на стручниот тим и со согласност на директорот, може да се предложат и привремени организациски мерки за заштита на жртвата и превенција на повторно несоодветно однесување.

Таквите мерки може да вклучуваат:

-Преместување во друга паралелка,

- Учење од дома/настава од далечина (во исклучителни ситуации и со согласност на родителите/старателите),

- Ограничување на вклученост во воннаставни активности или училишни настани.

Овие мерки се применуваат само во најдобар интерес на учениците и не смеат да имаат карактер на казна, туку да служат за создавање безбедна училишна средина и поддршка за развој на социјално прифатливо однесување.

5. **Педагошки мерки** од Законот за основното образование се изрекуваат паралелно на начин утврден согласно Правилникот за изрекување на педагошките мерки ако се работи за случаи од Табела бр. 2 или Табела бр. 3 од Прилог 2 од овој правилник.
6. **Преместување на сторителот во друго училиште не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата:**
   -Одлуката ја носи директорот преку наставничкиот совет, и во соработка со локалната самоуправа ја спроведува

   -За донесената одлука се известува Министерството за образование и наука -

**Педагошка служба, која води регистар за сите пријавени случаи**.

-Контакт-лицето за пријавување насилство координира со новото училиште и обезбедува пренос на потребните информации.

7. **Мерки за поддршка на набљудувачи и сведоци:**

   -контакт-лицето, стручен соработник или наставник води индивидуални или групни разговори со учениците.

- за случаите од Табела бр. 2 (повторувачки) или Табела бр. 3 од Прилог 2 одовој правилник, се нуди психо-социјална поддршка или се врши упатување во надлежна установа.
- може да вклучуваат и едукативни активности (работилници за ненасилна комуникација, врсничка поддршка, предавања итн.).
- стручната служба е одговорна за организација и спроведување на овие активности.

Сите мерки кои се предвидуваат со планот се документираат во писмена форма, со јасно наведен одговорен спроведувач, рокови и очекувани резултати. За спроведувањето на планот одговорен е контакт-лицето за пријавување насилство, кое координира, следи и известува за напредокот до директорот и стручниот тим.

Член 18

Мерките од членот 17 од овој правилник, кои се однесуваат на ученикот-жртва на насилство мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на нејзините желби и потреби. Сите предлози контакт-лицето или друго лице од доверба на жртвата, детално и ги образложува на разбирлив начин приспособен на возраста и се труди да ја оспособи за да донесе информирана одлука. Со жртвата се работи трпеливо, се остава време за да одлучи, да го промени мислењето, да одбие одреден предлог и можност да се прекине дури и кога нешто почнало да се спроведува.

Контакт-лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува и осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување.

Родителите/стрателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Доколку родителите/старателите се несоработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа.

Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик, освен Центарот за социјална работа, ќе повика и полиција.

Член 19

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати, се проценува состојбата на ученикот жртва и на ученикот сторител и врз таа основа се определува траењето на мерките и нивниот вид. Мерките продолжуваат се додека не се добијат посакуваните резултати, а после тоа активно се внимава на однесувањето и развојот на ученикот жртва и на ученикот сторител.

Член 20

Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот од член 16 ставовите 3, 5 и 7 од овој правилник, во сите негови верзии и дополнувања, се чува заедно со Формуларот за евиденција, кој е даден во Прилог бр.3и е составен дел на овој правилник.

Лицето за контакт или неговиот заменик, заедно со останатите лица кои се вклучени во одлучувањето и спроведувањето на мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, го пополнуваат делот за процена на ефикасноста на мерките, во моментот кога ќе проценат дека се постигнати некакви резултати, а најдоцна во рок од еден месец од дознавањето за случајот на насилство. Овој формулар се пополнува онолку пати колку што има потреба, се додека траат мерките за заштита на жртвата и за промена на однесувањете на сторителот. Притоа, се пополнуваат само оние делови во кои нешто ќе се измени и дополни. Откако ќе се процени дека мерките го оствариле својот ефект, завршно се пополнува само делот за процена на ефикасноста од мерките.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот ги содржи следниве елементи:

- Опис на мерките од член 17 од овој правилник;

- Резултати и индикатори по мерките кои се следат;

- Временска рамка на спроведување;

- Временска рамка за евалуација;

- Информации за лицата кои учествуваат во негова подготовка;

- Забелешки (во овој дел се внесуваат отворени прашања кои дополнително се

разгледуваат, различни мислења на лицата кои учествувале во подготовка и друго);

- потпис од контакт-лицето и директорот на училиштето и датум на негово донесување.

Член 21

Досиеата, плановите и формуларите на ученикот жртва и ученикот сторител се чуваат во училиштето четири години по завршувањето на нивното основно образование.
Во извештајот на Годишната програма за работа на училиштето се наведуваат статистички податоци за која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, како и статистички податоци за постапувањето на училиштето.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на насилство на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр.18-6570/1 од 60.07.2020 година.

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Директор,

м-р Наталија Делева

## ПРИЛОЗИ

**Прилог бр.1**

Табела со распределба на улоги и одговорности

| Категорија на лица | Клучни обврски | Начин на постапување | Забелешки |
|---|---|---|---|
| Директор | Усвојување и надзор на интерниот акт | Го следи спроведува и носи одлуки во сложени ситуации | Одговорен за целокупната организација |
| Стручни соработници | Контакт лица за пријави , набљудување и превземање мерки | Водат записници, работат со ученици, информираат родители | Едно лице се назначува како официјално контакт лице |
| Одделенски раководители/ наставници | Информирање на учениците, следење на динамиката на одделението, ,рализираат превентивни работилници на зголемување на свеста кај учениците за последиците од насилството; | Го претставуваат интерниот акт и Правилникот на одделенската заедница<br>Разговараат и водат записници од разговорот со учениците и родителите во случај на насилство од прво ниво ( табела бр 1) | Мора да водат евиденција за спроведените часови, користење на прирачници одобрени од МОН и БРО за Превенција и справување со насилство во училиштата |
| Административно-технички персонал ( хигиеничари, домаќин, хаусмајстор, сеекретар и други) | Препознавање ризични ситуации, спречување насилни дејствија | Подготвени да реагираат и пријават инцидеенти на одговорното лице во училиштето | Треба да имаат основна обука за комуникација со ученици |
| Ученици | Почитување на правилата и пријавување насилство | При сомнеж или сведоштво се обраќаат на наставник или | Обучени на часовите на одделенската заедница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | стручен соработник | |
| Родители/стартатели | Соработка со училиштето, информирање за промени кај децата | Реагираат доколку детето пренесе искуство со насилство | Да се вклучат во активности за подигнување на свеста |

**Прилог бр. 2**

**Табели со категоризација на насилство**

| **Табела бр. 1- Прво ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| -Удирање „чврги“<br>-Буткање<br>-Штипење<br>-Гребење<br>-Кубење<br>-Гризење<br>-Сопнување<br>-Шутирање<br>-Валкање<br>-Уништување на предмети | -Исмевање<br>-Омаловажување<br>-Озборување<br>-Навредување<br>-Ословување со погрдни имиња<br>-Пцуење<br>-Имитирање<br>-„прозивање“ | -Дофрлање<br>-Потсмевање<br>-Игнорирање | -Дофрлање<br>-Пцуење<br>-Негативни коментари<br>-Гестикулации со сексуална алузија | -Повремени вознемирувачки повици на телефон<br>-Вознемирување по СМС, ММС – пораки<br>-Вознемирувачки пораки на социјални мрежи |

| **Табела бр. 2 -Второ ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално /психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| -Шлаканици<br>-Удирање<br>-Газење<br>-Кинење на облека<br>-Затворање<br>-Плукање<br>-Одземање и | -Уценување<br>-Закани<br>-Неправедно казнување<br>-Етикетирање<br>-Забрана за комуницирање<br>-Исклучување | -Сплеткарење<br>-Игнорирање<br>-Отфрлање<br>-Невклучување<br>-Неприфаќање<br>-Манипулирање<br>-Експоатација<br>-Исклучување од | -Сексуално допирање<br>-Покажување на порнографски материјал<br>-Покажување на интимни | -Огласи<br>-Клипови<br>-Блогови<br>-Злоупотреба на форуми и четувања<br>-Сексуално насилство во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| уништување на сопственост | -Отфрлање<br>-Манипулирање | групата врз дискриминаторска основа<br>-Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа | делови на телото<br>-Соблекување | видеоигри<br>-Снимање со камера на насилни сцени<br>-Дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност |

| **Табела бр.3 -Трето ниво** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Физичко насилство | Емоционално/ психичко насилство | Социјално насилство | Сексуално насилство/ злоупотреба | Кибернасилство |
| -Тепачка, давење, фрлања кои резултираат со сериозни последици/укажана помош од лекар<br>-Напад со палка, нож, оружје кој може да има фатален исход<br>-Предизвикување на изгореници<br>-Забрана на храна и спиење<br>-Изложување на ниски температури | -Застрашување со уцена<br>-Рекетирање<br>-Ограничување на движење<br>-Наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални)<br>-Вклучување во секти<br>-Занемарување | -Сериозни закани за животот<br>-Изживување на група над поединец/група<br>-Дискриминација<br>-Организирање на затворени групи ( кланови)<br>-Навреди и вознемирување брз дискриминаторска основа | -Заведување од страна на возрасни<br>-Подведување<br>-Злоупотреба на моќта<br>-Наведување<br>-Изнудување и принудување на сексуална активност<br>-Силување<br>-Полов напад врз дете кое не навршило 14 години<br>-Зодоволување на полови нагони пред друг<br>-Обљуба со злоупотреба на положбата | -Дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност<br>-Снимање на вулгарни и насилни сцени кои масовно се дистрибуирани<br>-Прикажување на поргнографски материјал<br>-Производство и дистрибуција на порнографски материјал |

**Прилог бр. 3**

**Формулар за евиденција на насилство**

1. Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација: ______________________
2. Тип на насилство
   -Физичко насилство
   -емоционално-психичко насилство
   -социјално насилство
   -сексуално насилство/злоупотреба
   -кибернасилство
   -занемарување
   -друго-------------------------------------

3. Насилството се случува:

__ Прв пат

__ Се повторува повеќепати: ___________ (наведете колку пати)

4. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):

__ Во училницата

__ Во спортска сала

__ Во ходниците

__ Во тоалетот

__ Во дворот кон училиштето

__ На пат кон/од училиште

__ Во домот

__ На интернет

__ Друго: ____________________________________________________

5. Начин на откривање или воочување на насилство (насилна ситуација):

__ Наставник

__ Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал

__ Стручен соработник

__ Контакт лице за пријавување насилство или негов заменик

__ Пријава од обезбедување

__ Директорот на училиштето

__ Друго вработено лице во училиштето

__ Пријава од родител/старател

__ Пријава од личност која доживеала насилство

__ Анонимна пријава на е-пошта, интернет-страница или во кутија

__ Друго: ___________________________________________________

6. Опис на настанот:

| |
|---|
| |

7. Учесници во насилство (дополни со број)

7.1 Колку жртви има во случајот? --------------

7.2 Колку сторители има во случајот?--------------

7.3 Ученик/ ци жртва/и на насилство ( овој дел се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)

Име и презиме: ________________________________________________

Возраст: ___________

Пол:-------------------

Етничка припадност:

___ Македонска ___ Албанска ___ Турска ___ Ромска___ Бошњачка

___Влашка ___ Српска ___ Друго

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби?

Заокружете: ДА НЕ

7.4. Кој е сторител на насилството (можни се повеќе одговори):

__ Ученик или група ученици од училиштето

__ Вработен во училиштето. Кој? Наведете име и презиме: ____________________

__ Член на семејството

__ Друг врсник

__ Трето возрасно лице

__ Друго: __________________________________________________

7.5 Ученик/ци кој повредил друг ученик (овој дел, 7.5., се копира онолку пати колку што има сторители во случајот и се пополнува за секој сторител поединечно):

Име и презиме:________________________

Возраст _______________

Пол: ------------------------

Етничка припадност:

___ Македонска ___ Албанска ___ Турска ___ Ромска___ Бошњачка ___ Влашка

___ Српска___ Друго

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби?
Заокружете: ДА НЕ

Прашалникот го спроведе:

-----------------------------------------------------

Име ,презиме и потпис Дата:----------------------година

Прилог бр. 4

Записник од разговор со родител/старател на ученик кој повредил друг ученик ( го води одделенски раководител при случај на насилство од прво ниво Табела бр:1)

Информации за причините поради кои се води разговорот:

Важни информции за надминување на проблемот:

Мерки кои ќе се превземат:

Родителот-----------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ученикот -------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одделенски раководител:--------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Следење на промените кај ученикот:

Ефекти од превземение мерки:

Присутни на разговорот име , презиме и потпис

1.

2.

3.

4.

| Дата : |
|---|
| |

**Прилог бр:5 Писмен план за заштита на ученик кој бил повреден односно –жртва ( се изработува во случај на насилство од прво ниво табела бр 1 кое се повторува и од второ ниво табела бр 2.)**

| | |
|---|---|
| Опис на мерките кои се превземамаат ( од член 17) | |

| | |
|---|---|
| Резултати и индикатори по мерките кои следат | |
| Временска рамка за спроведување | |
| Временска рамка за евалуација | |
| Информации за лицата кои учествуваат во изработка на планот | |
| Забелешки (во овој дел се внесуваат отворени прашања кои дополнително се разглдуваат, различни мислења на лицата кои учествувале во подготовка на планот и друго) | |

Датум:

Име и презиме и потпис на контакт – лицето за пријавување насилство или на заменик:

_______________________________________________________________________

Име и презиме и потпис на директорот на основното училиште:

___________________________________________________________________________

**Прилог бр. 6 Писмен план за промена на однесувањето на ученикот кој повредил друг ученик ( сторител)**

| | |
|---|---|
| Опис на мерките кои се превземааат ( од член 17) | |
| Резултати и индикатори по мерките кои следат | |
| Временска рамка за спроведување | |
| Временска рамка за евалуација | |
| Информации за лицата кои учествуваат во изработка на планот | |
| Забелешки (во овој дел се внесуваат отворени прашања кои дополнително се разглдуваат, различни мислења на лицата кои учествувале во подготовка на планот и друго) | |

Датум:

Име и презиме и потпис на контакт – лицето за пријавување насилство или на заменик:

______________________________________________________________________________

Име и презиме и потпис на директорот на основното училиште:

__________________________________________________________________________________

____